# ДЛУМ
# 1972

Анастасо Аврамовски Апостолска Атанасовски Величковски Гавриловски Георгиевски Глигорова Ефремов Ефтимова Ивановски Караѓа Кастрати Кондовски Коѓоман Куноски Крмов Крстевски Лафазановски Мартиноски Матевски Миљановски Павловски Папазовски Перчинков Пецо Петров А. Петров Поповски Реѓаи Ристески Саревски Сотировски Спасеновски Спировска Р. Спировски Стефанов Стојановски Стојчевски Струмениковски Талевски Ташковски Темкова Траиковски Филиповски Наѓи Митрев Шемов Сулајковски Бекјаровски Василев Ивановски — Карадаре Конески Митриќски Мусовиќ Николовски Трајановски Чушков

# ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ УМЕТНИЧКА ГАЛРИЈА

НОЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ 1972.

„... делата на лугето на уметноста не се само документи на времето, туку и појави, кои опстојуваат и во нашето постоење не пратат и гледаат. Тие зрачат своја содржина во просторот и времето, а нивните облици стојат на патиштата на генерациите како знакови кои укажуваат на добро или зло".

*РОДОЉУБ АНАСТАСОВ, сликар*

*Роден 1935. во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград. Бил член на УЛУС од 1963 — 1965. Од 1965 е член на ДЛУМ.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1966. во Скопје; 1967. во Нови Сад; 1970. во Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*Излагал во Европа, Азија и Африка во склоп на „југословенската и македонска современа уметност" и тоа: во Бејрут, Дамаск, Багдад, Ферара, Анкара, Истанбул, Каиро, Нирнберг, Париз, Триполи, Пиатра Неамц, Јаши и Александрија.*

*Изложби во земјата: „Младо југословенско творештво", „Аспекти на цртежот во Македонија", „III југословенско триенале", „Современа македонска уметност — сликарство, скулптура и објекти", „II. и III. изложба НОБ во делата на југословенските ликовни уметници", „Ангажирана југословенска уметност 1919—1969", „I. и III. изложба нашето историско минато", „Есенски салон", „Современи македонски уметници — актуелни тенденции", "V. Биенале на младите", „Интернационален бледски салон" и други во: Белград, Загреб, Љубљана, Скопје, Сараево, Бања Лука, Блед, Нови Сад, Словен Градец и Риека.*

*НАГРАДИ:*

*I награда за сликарство „Уметност на Белградскиот Универзитет" — Белград 1958.*
*I награда за сликарство „Југословенско ликовно творештво" — Белград 1959.*

*II награда за сликарство (I не е доделена) „Нашето историско минато" Скопје 1968.*
*I откупна награда за сликарство „VIII Медитеранско Биенале" — Александрија 1970.*

*III награда за сликарство на ЈНА „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија" — Белград 1971.*

*II награда за сликарство (I не е доделена) на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници" — Скопје 1971.*

*Адреса: Скопје, Партизанска 93/I/10*

*1. Стари спомени, масло на платно, 155×116 см., 1969.*

## *МОМЧИЛО АВРАМОВСКИ, сликар*

*Роден 1935. во Куманово. Училиште за применета уметност завршил во Скопје 1958 година.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1962, 1968 и 1970. во Куманово.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1958. во Титов Велес; 1964, 1965, 1966, 1967 и 1968. во Штип; 1969. во Битола и Сомбор; 1971. во Охрид и Белград; 1972. во Лесковац. Од 1958 редовно излагал на сите изложби што ги приредувал ДЛУК од Куманово, а од 1969 исто така учествувал на изложбите на ДЛУМ.*

*Адреса: Куманово, III македонска ударна бригада бр. 30/III*

2. *Композиција II, масло на платно, 51×65 см., 1972.*
3. *Композиција I, масло на платно, 60×55 см., 1972.*

## *МИРА АПОСТОЛСКА, сликар*

*Родена 1937, во Кочани. Завршила Виша педагошка школа во Скопје 1963 година.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1968. во Скопје; 1969. во Кочани и Штип; 1970. во Врање (со Т. Шулајковски); 1971. во Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1969. во Скопје „Тонови, боја и поезија“, „Изложба на жени уметници од СРМ“; „Моето сакано дело“ 1970. во Скопје.*
*Адреса: ул. „815“ бр. 78 Скопје*

4. *Белиот мајмун, масло на платно, 60×102 см.*
5. *Свинга, масло на платно, 174×102 см.*

## *ТАНЕ АТАНАСОВСКИ-ГАРСКИ, сликар*

*Роден 1938. во с. Гари (Дебарско). Училиште за применета уметност и Педагошка академија завршил во Скопје.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1962. во Куманово; 1964. во Куманово; 1966. во Куманово; 1969. во Куманово; 1970. во Битола и Пула; 1972. во Скопје, Лесковац и Врање.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*На изложбите на ДЛУК од 1958. во Куманово, Штип, Т. Велес, Охрид, Лесковац и Сомбор. На изложбата на ДЛУМ во Скопје 1970. „Моето сакано дело“, 1971. „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници“, „Млада генерација II“ во Скопје и Битола, лесковачка ликовна колонија „Копашница 72“ во Лесковац и Белград, струмичка ликовна колонија во Струмица.*

6. *Неми-диптихон, масло на платно, 242×141 см., 1972.*
7. *Оплодување, масло на платно, 80×100 см., 1972.*

*НАГРАДИ:*

*1969. Ноемвриска награда за сликарство на градот Куманово и годишна награда на изложбата ДЛУК 1970.*
*Адреса: Куманово, Киро Антевски бр. 10*

*ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ-КУМАНСКИ, сликар*

---

*Роден 1937. во Куманово. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1964., 1968. и 1970. во Куманово.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*На сите изложби на ДЛУК од 1958. во Куманово, Т. Велес, Штип, Битола, Охрид, Лесковац и Сомбор. На изложбите на ДЛУМ од 1968. во Скопје; 1970. во Скопје на изложбата „Моето сакано дело", „Јубилејна 25 години на ДЛУМ", „Ликовни средби"; 1971. во Белград „НОБ во делата на југословенските ликовни уметници"; 1972. во Белград „Свет во кој живееме", во Струмица „Струмичка ликовна колонија".*

*Адреса: Куманово, III македонска ударна бригада бр. 9*

8. *Парадокс I, масло на платно, 80×100 см., 1972.*
9. *Парадокс II, масло на платно, 80×100 см., 1972.*

*АНГЕЛ ГАВРОВСКИ, сликар и графичар*

---

*Роден 1942. во с. Жилче — Тетовско. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград 1967 година.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1968. во Белград и Ниш.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*Како член на ДЛУМ земал учество на сите изложби што ги приредувало Друштвото во Скопје; 1970. на изложбата во Струга „Поезијата како инспирација", I-та графичка изложба на ДЛУМ во Скопје, Штип и Куманово; 1971. на изложбата „Македонски автопортрет" во Скопје; 1972. „Млада генерација" во Скопје, „III-та графичка изложба на ДЛУМ".*

*Адреса: Скопје, ул. Финска бр. 63*

10. *Сеќавање, масло на платно 70×60 см., 1972.*
11. *Пејсаж, масло на платно, 90×75 см. 1972.*

*ПЕТАР ГЕОРГИЕВСКИ, сликар*

---

*Роден 1936. во с. Патишка Река. Училиште за применета уметност завршил 1959. во Скопје.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1961. во Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1969. во Ферара (Италија) „Современа македонска уметност" а од 1967. како член на ДЛУМ редовно излагал на сите заеднички изложби во земјата.*

*Адреса: Скопје, Партизанска 93/II/13*

12. *Симфонија на едно време, масло на платно, 95×145 см., 1970.*
13. *Софра, масло на платно, 70×100 см. 1971.*

*ИЛИНКА ГЛИГОРОВА-СУЗА, сликар*

---

*Родена 1936. во Кавадарци. Дипломирала на Академијата за ликовни уметности во Белград (во класата на Недељко Гвозденовиќ).*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1968. во Штип (со Ана Темкова); 1969. во Скопје (со Глигор Чемерски); 1972. во Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1963. во Загреб „Графичка изложба"; Врњачка Бања „Група на млади"; 1965. во Скопје „12 македонски уметници"; 1966. во Битола; 1967. во Скопје и Нови Сад „Аспекти на цртежот во Македонија"; во Струмица „Струмичка ликовна колонија"; 1968. во Скопје, „Наше минато"; 1969. во Ферара (Италија) „Современа македонска уметност", во Скопје „Жени ликовни уметници"; 1970. во Скопје „Моето сакано дело", во Струга „Поезијата како инспирација", во Загреб „Изложба на СЛУЈ"; 1971. во Белград „Седум југословенски сликари". Како член на ДЛУМ од 1964. редовно излагала на сите заеднички изложби во земјата.*

*Адреса: Скопје, Партизанска 80, стан 14*

14. *Илузија, масло на платно, 100×135 см., 1972.*
15. *Ателје, масло на платно, 100×100 см., 1972.*

*КИРИЛ ЕФРЕМОВ, сликар*

---

*Роден 1938. во Штип. Училиште за применета уметност, (во класата на Л. Личеноски) завршил во Скопје. Академија за ликовни уметности, I степен — отсек за сликарство завршил во Белград.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1965. во Штип; 1966. во Скопје; 1967. во Струмица; 1969. во Скопје и Куманово; 1971. во Штип; 1972. во Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1966. во Струмица „Струмичка ликовна колонија"; 1967. во Скопје и Нови Сад „Современо македонско сликарство —*

*млада генерација", во Палиќ и Суботица „Ликовни средби на ликовните колонии од Југославија", во Штип, Битола, Куманово и Струмица (со ликовните уметници од Штип); 1968. во Скопје „НОБ во делата на ликовните уметници", во Струмица „Современо југословенско сликарство", во Скопје „Изложба на цртежи, гвашеви и акварели", во Струмица „Струмичка ликовна колонија"; 1969. во Струмица „Струмичка ликовна колонија", во Словен Градец „Ангажирана уметност 1919 — 1969", Ферара (Италија), Анкара и Истанбул (Турција) „Современа македонска уметност"; 1970. во Скопје „НОБ во делата на ликовните уметници", во Скопје, Охрид, Куманово и Штип изложба на „Струмичката ликовна колонија", во Скопје „Генерација ликовни уметници"; 1971. во Скопје „Современа македонска уметност", во Белград „НОБ во делата на југословенските ликовни уметници", во Скопје „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници"; 1972. во Јаши и Пиатра Неамц (Романија) „Современа македонска уметност". Како член на ДЛУМ од 1966. учествувал на сите годишни изложби.*

*НАГРАДИ:*

*Ноемвриска награда на градот Штип за сликарство 1965 година; I награда за сликарство од Културно-просветната заедница на Штип 1968 година.*

*Адреса: Штип, Вера Циривири бр. 29/I*

*16. Легенда за лебот, масло на платно, 100×100 см, 1972.*
*17. Автопортрет, масло на платно, 100×100 см, 1972.*

*КАТЈА ЕФТИМОВА, сликар*

---

*Родена 1910. во Пазарџик (НР. Бугарија). Академија за ликовна уметност завршила во Софија 1932.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1945. во Битола; 1954. во Тетово и Гостивар; 1958 и 1965. во Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*Од 1946. редовно излагала на сите изложби на ДЛУМ; 1952. во Струмица и 1969. во Скопје на изложбата „Жени уметници од СРМ"; 1970. во Скопје на изложбата „Моето сакано дело".*

*НАГРАДИ:*

*I награда од фондот на „Ана Бешевлиева" 1932. во Софија.*

*Адреса: Скопје, Рајко Жинзифов 52*

*18. Цвеќе I, масло на платно 42×42 см., 1972.*
*19. Цвеќе II, масло на платно 42×52 см., 1971.*

МЕТОДИЈА ИВАНОВСКИ-МЕНДЕ, сликар

Роден 1929. во Битола. Завршил Уметничка школа и ВПШ — сликарски отсек во Скопје.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1952 и 1954. во Битола; 1956. во Загреб, 1958. во Битола и Белград; 1960. во Струмица; 1962. во Битола; 1967. во Скопје.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1950. излагал со групата битолски уметници. Од 1952. како член на ДЛУМ излага на сите изложби, во периодот од 1955 до 1969. учествува на сите изложби на ВДИСТ во Битола, Прилеп, Охрид, Скопје, Белград, Загреб; 1969. на изложбата „Современа македонска уметност" во Ферара (Италија); 1970. во Париз и Солун, во Скопје на изложбата „Моето сакано дело" 1971. во Белград на изложбата „НОБ низ делата на југословенските ликовни уметници".

НАГРАДИ:

1961. Ноемвриска награда на град Битола.

20. Балада за вечноста, масло на платно.

КИРО КАРАЏА, сликар

Роден 1900. во Ново Село (Штипско). Академија за ликовни уметности завршил во Загреб 1932 година.
САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:
I самостојна изложба во Скопје, по ослободувањето отворил 9 изложби во Куманово.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

Како основач на ДЛУК во Куманово учествувал на сите изложби во Штип, Титов Велес, Битола, Охрид, Лесковац и Сомбор, а како член на ДЛУМ редовно излагал на сите заеднички изложби во земјата.

НАГРАДИ:

Ноемвриска награда за сликарство на градот Куманово.
Адреса: Куманово, Народна револуција бр. 58

21. Во мугрите, темпера, 88×72 см.
22. Нарциси, темпера, 68×54 см.

АДЕМ КАСТРАТИ, сликар

Роден 1932. во с. Карачево. Педагошка академија завршил во Скопје.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1961. во Скопје и Урошевац; 1962. во Приштина; 1967. во Скопје; 1968. во Дубровник; 1970. во Опатија; 1971. во Дубровник и Белград; 1972. во Дубровник.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

Колективно излагал на сите изложби од 1958 — 1964 како член на Клубот на ликовните уметници на Косово во Приштина, Белград, Љубљана и Суботица; 1963 и 65. во Скопје; Како член на ДЛУМ од 1968/69. излагал на сите изложби што ги приредува Друштвото.

Адреса: Скопје, н. Чаир, згр. 8/II/18

23. Моето родно село, чиста земја, 1970. 120×100 см.
24. Среќна домаќинка, чиста земја, 1971. 120×100 см.

ДИМИТАР КОНДОВСКИ, сликар

Роден 1927. во Прилеп. Академија за ликовни уметности завршил во Белград.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1957. во Скопје и Загреб; 1962. во Рим; 1963. во Скопје и Зрењанин; 1970. во Нови Сад.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1963. во Александрија „Медитеранско биенале"; 1965. во Рим „Уметноста во Македонија денес"; 1966. во Торино „Современа македонска уметност"; во Нинберг, Штудгарт и Берлин (Запад. Германија) „6 југословенски уметници — сликарство и вајарство во Македонија"; 1968. во земјите на Јужна Америка „Современа уметност во Југославија" (АЈЦА); 1969. во Ферара (Италија), Истанбул и Анкара (Турција) „Современа македонска уметност"; во Белград, Загреб и Сараево 1970. „Современа македонска уметност"; 1972. во Јаши и Пиатра Неамц) (Романија) „Современа македонска уметност". Како член на ДЛУМ излагал на сите годишни изложби во Скопје.

НАГРАДИ:

Александрија, награда на V-то Медитеранско биенале 1963; Награда на II-то триенале во Белград 1964 октомвриска награда на СРМ во Скопје, Ноемвриска награда 1969.

Адреса: Скопје, ул. „955" бр. 18

25. Полиптих X, темпера и злато на панел, 120×85 см., 1972.
26. Полиптих XI, темпера и злато на панел, 120×90 см., 1972.

## *ВАНГЕЛ КОЦОМАН, сликар*

*Роден 1904. во Струга. Завршил гимназија 1924 во Охрид, Уметничка школа (8 семестри) и две годишен академски течај за чиста уметност во Белград 1930 год.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1938. во Скопје; 1958. во Скопје „Јубилејна"; 1961. во Струга;*

*1962. во Струга; 1972. во Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*Пред војната учествувал од 1929. на поголем број есенски изложби на белградските ликовни уметници и пролетните изложби на ликовните уметници од Југославија, во Белград и другите поголеми центри. Пред војната излагал со група југословенски уметници во Прага (Чехословачка). 1938 во Белград; 1930 и 1940. во Белград во „Салонот на независните". По војната редовно учествувал на сите есенски и пролетни изложби на ДЛУМ како во земјата така и во странство. На групни и тематски изложби „Македонски пејсаж" 1960. во Скопје, „Македонски портрет XIX и XX век" 1962. во Скопје, „Современа македонска уметност меѓу двете војни" 1967. во Скопје „Македонски акварел", „Нашето минато" 1968. во Скопје, „25 години АСНОМ" во Скопје 1969., „Современа македонска уметност" во Белград, Загреб, Љубљана и Нови Сад 1970.*

*НАГРАДИ:*

*Добитник е на награда 1961. во Охрид на изложбата „Охридски мотиви", Октомвриска награда на СРМ за животно дело 1969. во Скопје, Одликуван со орден на трудот од III ред и орден на трудот од I ред.*
*Адреса: Скопје, Раде Кончар бр. 5*

*27. Крај Вардар пред изгрев, масло на платно, 61×80 см. 1972.*
*28. Катаклизмата на Скопје 63, масло на платно, 25×35 см. 1964.*

## *СПАСЕ КУНОВСКИ, сликар*

*Роден 1929. во Дебар. Дипломирал на академијата за ликовна уметност 1953. во Загреб.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1956. во Скопје во клубот на уметниците. 1957. во Загреб со Димитар Кондовски, изложбен салон УЛУХ — Прашка 4, 1960. Скопје со Петар Мазев дом на ДСВР, 1967. Скопје салон на музејот на современа уметност Ѓуро Салај 34, 1969. Ниш во уметничката галерија, 1970. Белград галерија на домот на ЈНА, 1971. Скопје уметничка галерија.*

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1954 и 1956. во Дубровник и Љубљана „Современа југословенска уметност", 1959. во Скопје „15 ликовно творештво", „Велков, Куновски, Мазев", во Прага, Брно и Братислава (ЧССР), Будимпешта (Унгарија) „Современа југословенска уметност", 1961. во Белград „Современо сликарство и вајарство", на I-то тријанале во Белград, 1962. во Белград и Охрид „Георгиев, Куновски, Мазев и Митриќески", I југословенско бијенале „Сон и фантазија" во Пожаревац, „Македонски портрет на XIX и XX век" во Скопје, „Современа македонска уметност" во Дижон, 1963. Сан Паоло, 1964. во Лондон, Братворд и Даблин „Современа македонска уметност", Белград II тријанале, 1965. во Скопје и Штип „Современа Македонска уметност", во Рим „Уметност во Македонија денес", во Охрид „Десет современи македонски уметници", во Скопје „Изложба на тринајсетмината", 1966. во Торино „Современа уметност во Македонија", Чачак „Меморијал Надежде Петровиќ", 1967. во Скопје „Современи македонски уметници-актуелни тенденции" Белград III тријанале, 1967. во Чачак „Меморијал Надежде Петровиќ", Бианале во Александрија, 1969. во Белград, Загреб и Сараево „Современа македонска уметност" Скопје „Скопје низ ликовните дела", „25 години АСНОМ", во Истанбул и Цариград „Современа македонска уметност", Во Словен градец „Ангацирана југословенска уметност" во Париз „Изложба на југословенски сликари и вајари", 1970. во Ним и Шел Франција „Десет македонски уметници" во Брисел „Југословенски сликари и вајари" 1971. во Белград „НОВ во делата на југословенските уметници во Скопје „Нашето историско минато во делата на македонските уметници" Љубљана „НОВ во делата на југословенските уметници", Скопје „Аутопортрет" 1972. Прага „Колексија на музејот на современата уметност од Белград" во Јаши и Пиетра Њемц Романија „Современа македонска уметност", и на сите изложби на ДЛУМ и групата МУГРИ.

НАГРАДИ:

Октомвриска награда на СРМ за сликарство 1961, 1970. награда на Културно-просветната заедница на СРМ, 1971. награда за сликарство на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските уметници".

29. „Визија" уље
30. „Портре" уље

## *ТОМИСЛАВ КРМОВ, графичар*

*Роден 1938. во Штип. Дипломирал на Академијата за применета уметност, отсек графика, во Белград 1967 год.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1971. во Скопје, Белград и Штип.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1967. во Белград „Графиката на Белградскиот круг"; 1968, 1969, 1970 и 1971. во Белград „Златно перо на Белград"; 1970. во Скопје „Моето сакано дело", во Струга „Поезијата како инспирација", во Чиле „Југословенска графика", во Кил (Запад. Германија) „Југословенска графика", во Скопје „Графичка изложба на ДЛУМ", „VI изложба на југословенска графика", „Ликовна средба на графика" во Суботица 1971. во Скопје „II графичка изложба на ДЛУМ", во Белград „НОБ во делата на југословенските ликовни уметници"; 1972. во Скопје „III графичка изложба на ДЛУМ", во Јаши и Пиатра Неамц (Романија) „Современа македонска уметност".*

*Адреса: Штип, Димитар Влахов 17*

*31. Формирање III, комбинирана техника, 1972.*

*32. Формирање IV, комбинирана техника, 1972.*

## *ЃОРЃИ КРСТЕВСКИ, сликар*

*Роден 1923. во Битола. Дипломирал на Академијата за применета уметност во Загреб.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1958. во Тетово, Титов Велес и Битола; 1959, 1962, 1967 и 1971. во Скопје; 1972. во Белград.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1968. во Скопје на изложбата „Наше минато"; 1969. во Скопје „25 години АСНОМ"; 1971. во Скопје „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници", како и на сите изложби на ДЛУМ од 1955 год.*

*Адреса: Скопје ул. 431 бр. 25*

*33. Светлост во очајание, масло на платно, 140×120 см., 1972.*

## *ИЛИЈА ЛАФАЗАНОВСКИ, скулптор*

*Роден 1939. во с. Вибел — Костурско. Академија за ликовни уметности завршил во Клуж С.Р. Романија 1965. (кај проф. Ветро Артур).*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1968 во Брашов — Романија; 1970. во Брашов — Романија; 1972. во Скопје.*

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1967, 1968. во Брашов; 1968. „Биенале“ во Букурешт; 1969. во Букурешт „Биенале на младите“, Брашов и Лауфен Западна Германија; 1970. во Брашов и Арад; 1971. во Брашов и Букурешт „Биенале“.

Од 1972. е член на ДЛУМ.

Адреса: Скопје, Топанско поле, блок 34 вл. II/14

34. Костурчеанка камен, 1970. 120×25×30 см.
35. Македонија 1913, камен, 1972. 100×20×20 см.

НИКОЛА МАРТИНОСКИ, сликар

---

Роден 1903. во Крушево. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Букурешт 1927. Редовен член на МАНУ.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1929, 1930, 1938, 1939, 1955, 1961, 1965, 1969, 1970 и 1971. во Скопје; 1931. во Белград; 1932. во Белград со З. Поповиќ; 1936. во Нови Сад; 1937. во Загреб; 1953. во Љубљана и Белград; 1954. во Загреб, Љубљана, Белград и Париз; 1959. во Дижон; 1966. во Белград; 1969. во Куманово.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

Учествувал на повеќе изложби на југословенската уметност пред војната во земјата и странство и со групата „Облик“, од 1945 на сите изложби на ДЛУМ, како и на изложбите: „Хегедушиќ, Коњовиќ, Михелик, Мартиноски“ во Њујорк и Вашингтон 1954, „Современа македонска уметност“ во Дубровник 1957, „15 години ликовно творештво во Македонија“ во Скопје 1959, I и II триенале во Белград, Меѓународно биенале на графиката во Љубљана 1956, „Мартиноски и Хаџи Бошков“ во Нови Сад 1959, „Македонски портрет на XIX и XX век“ во Скопје 1962, „Современа македонска уметност“ во Дижон 1962, „Скопје 63 низ ликовни дела“ во Скопје 1965, „Современа македонска уметност“ во Штип 1964, „Современа југословенска уметност“ во Охрид 1964, „Меѓу двете војни“ во Скопје 1967, „Аспекти на цртежот во Македонија“ во Скопје 1967, „Наше минато“ во Скопје 1968, „Современа македонска уметност“ во Белград, Сараево, Загреб 1969, „Надреализам и социјална уметност“ во Белград 1969, „Ангажирана уметност во Југославија“ во Словен Градец 1969, Меѓународно биенале на цртежот во Риека 1969, „25 години АСНОМ“ во Скопје 1969, X анале во Пореч 1970, „Моето сакано дело“ во Скопје 1970, „Уметноста на почвата на Југославија од праисторијата до денес“ во Париз и Сараево 1971, „Дела од колекцијата на МСУ“ во Скопје и Сараево 1971, „Дела на македонски уметници од колекцијата на МСУ“ во Скопје. 1971, „Современа македон-

*ска уметност" во Јаши и Пиатра Неамц Романија 1972, „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници" во Скопје 1971.*

*НАГРАДИ:*

*Награда за дипломска работа во Букурешт 1927, награди на градот Скопје 1953 и 1955, Октомвриска награда на СРМ за сликарство 1959, Сребрена плакета на Сојузот на ликовните уметници на Југославија во Белград 1964, награда за животно дело во Скопје 1964, награда на АВНОЈ во Белград 1967, награда „Нерешки мајстори" на ДЛУМ во Скопје 1968, Орден братство-единство со златен венец, 1971, награда за цртеж од изложбата „Нашето историско минато" во Скопје 1971.*
*Адреса: Скопје, Загребачка 48*

*36. Пијана свадба, масло на платно 45×60 см., 1972.*

*ЃОКО МАТЕВСКИ, сликар*

*Роден 1942. во Скопје. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград 1967/68 година.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1966. во Белград; 1969. во Скопје, Струмица и Штип; 1970. во Куманово; 1972. во Скопје и Љубљана.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1966—68. на студентските изложби во Белград; 1969, 70 и 71. на традиционалната изложба на ДЛУМ; 1969. во Анкара и Истанбул „Современа македонска уметност"; 1971. „Дела на македонски уметници од колекцијата на МСУ", „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници", „Современа македонска уметност млада генерација" во Скопје; 1972. во Скопје „Млада генерација" и во Белград „Млада македонска генерација".*

*НАГРАДИ:*

*Награда на весникот „Млад борец" во Скопје 1970.*
*Адреса: Скопје, Орце Николов бр. 87*

*37. Секој секого голта, масло на платно 1972., 35×60 см.*
*38. Среде пределот, масло на платно, 1972., 40×40 см.*

*РИСТО МИЈАКОСКИ, сликар*

*Роден 1948 во Прилеп. Завршил Училиште за применета уметност и Педагошка академија — ликовен смер во Скоп-*

*је. Член е на Друштвото на ликовните уметници на Македонија од 1969 год. од кога редовно изложува на неговите изложби.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1969 Прилеп, 1970 Скопје, 1970 Тјентиште, 1972 Куманово.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*Изложувал на изложбите на ДЛУМ од 1969, како и на изложбите: „Млади југословенски уметници" во Загреб 1969, „Моето сакано дело" во Скопје 1969, „Изложба на предложени членови на ДЛУМ" во Скопје 1971, III изложба „Народноослободителната борба во делата на ликовните уметнице на Југославија" во Белград 1971, „6 БИЕНАЛЕ на младите" во Риека 1971, „Македонски автопортрет" во Скопје 1971, „Современа македонска уметност — млада генерација" во Скопје 1971, „Југословенски портрети" во Тузла 1971, „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници" во Скопје 1971/72, „Современа македонска уметност" во Јаши и Пиатра Неамц во Романија 1972, „Млада генерација II" во МСУ — Скопје 1972, „Меѓународна изложба на уметници учесници на Пленерот во Биеловежа" — Полска 1972, „Млада генерација II" во Битола 1972, „Шестта традиционална изложба на ДЛУК" 1972.*

*НАГРАДИ:*

*Прва награда за сликарство на државната изложба во Загреб 1969, Специјална пофалба за самостојната изложба во Тјентиште 1970, посетена лично од Претседателот Тито, III награда за сликарство на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници" во Скопје 1971/72.*

*Адреса: Булевар Партизански одреди Б-7, вл. II, ателье 14, Скопје*

39. *Од циклусот во Библијата името ти го запишав Билјана 1972, масло на платно, 120×1000.*
40. *Од циклусот во Библијата името ти го запишав Билјана II 1972, масло на платно, 150×130.*

*ПЕТАР НИКОЛОВСКИ, сликар*

---

*Роден 1922. во Скопје. Средна уметничка школа завршил во Скопје 1949 година.*

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1958. во Скопје; 1960. во Битола; 1962. во Скопје; 1968. изложба под наслов „Скопје 63“ во Скопје; 1971. во Скопје.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

Како член на ДЛУМ од 1953. редовно излага на сите изложби во земјата.
Адреса: Скопје, Водњанска бр. 18

41. Старо Скопје, масло на платно, 1972.
42. Старо Скопје, масло на платно, 1972.

ТАКИ ПАВЛОВСКИ, сликар

---

Роден 1939. во с. Желино (Егејска Македонија). Дипломирал на Академијата за применета уметност во Белград 1964 година.

Рим - 1973 - Современа македонска уметност

Нови Сад - 1977 - 12 современи македонски сликари

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

1970. во Скопје; 1972. во Скопје.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

1969. во Ферара Италија „Современа македонска уметност“, во Скопје „25 години АСНОМ“; 1970. во Скопје „Моето сакаио дело“, во Загреб изложба на СЛУЈ, во Белград „НОБ во делата на ликовните уметници на Југославија“; 1971. во Скопје „Нашето историско миоато“, во Струмица „Струмичка ликовна колонија“, во Скопје „Струмичка ликовна колонија“; 1972. во Јаши и Пиатра Неамц (Романија). „Современа македонска уметност“, во Скопје „Млада генерација“. Излагал на сите изложби во организација на ДЛУМ од 1967 година.

НАГРАДИ:

Добитник е на награда за сликарство од НИП „Нова Македонија“ во Скопје.

Адреса: Скопје, Партизанска 111, блок IV/I, ателје 10

43. Предградие, масло на платно, 137×127 см., 1972.
44. Пред денот II, масло на платно, 100×55 см., 1972.

БЛАГОЈА ПАПАЗОВСКИ, сликар

---

Роден 1924. во Прилеп. Завршил Академија за применета уметност во Белград 1954 година.

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1959, 1961, 1962. во Скопје (со Д. Шумка); 1966. во Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*Учествувал на повеќе изложби на ДЛУМ во Скопје и други градови во земјата, на изложбите на Сојузот на ликовните уметници за применета уметност; „Современа македонска уметност“ во Ферара (Италија) 1969.; 1970. на изложбата „Моето сакано дело“ во Скопје.*

*Адреса: Скопје, ул. „813“ бр. 32*

45. *Револт, масло на платно, 122×88 см.*

*ДУШАН ПЕРЧИНКОВ, сликар*

---

*Роден 1939. во Скопје. Академија за ликовни уметности и специјалка завршил 1965. во Белград.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*
*1966. во Белград; 1968. во Скопје и Струмица; 1970. во Скопје.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*
*1970. во Ним, Брест и Дижон (Франција) „10 македонски сликари“, во Ница „Југословенска ликовна уметност“, Париз „Млади југословенски уметници“; 1967 и 1970. во Белград III и IV Триенале; 1969. во Белград, Загреб и Сараево „Современа македонска уметност“; Ферара (Италија) „Современа македонска уметност“; 1971. во Рецхов и Грац (Австрија), Скопје, Љубљана, Белград и Загреб; 1971. во Париз изложба „Уметноста на почвата на Југославија од праисторијата до денес“, во Скопје, Белград и Нови Сад „Мајски париски салон“, во Скопје „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници“. Како член на ДЛУМ излагал на бројни изложби.*

*НАГРАДИ:*

*1968. Октомвриска награда на СРМ.*

*Адреса: Скопје, ул. „679“ бр. 8*

46. *Мотив од предградие I, масло на платно, 60×50 см., 1972.*
47. *Мотив од предградие II, масло на платно, 60×50 см., 1972.*

*ВИДИМЧЕ ПЕЦО, сликар*

---

*Роден 1921. година во Битола. Дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Белград 1952 година.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1958. во Битола; 1965. во Скопје и Белград.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*Од 1953. како член на ДЛУМ, излагал на сите изложби на Друштвото. Како основач на групата ВДИСТ од 1955 излагал во Битола, Скопје, Прилеп, Белград и Загреб. Излагал на I-та Сојузна изложба во Дубовник, на изложбата „Современа македонска уметност" во Лондон, Братфорд и Даблин, на III Триенале во Белград 1967, „Современа македонска уметност" во Ферара — Италија 1969, „Моето сакано дело" во Скопје 1970.*

*СТУДИСКИ ПАТУВАЊА:*

*Италија и Франција.*

*НАГРАДИ:*

*1960. Ноемвриска награда на градот Битола.*
*Адреса: Скопје, ул. „763" бр. 9/IV-13*

*48. Носталгија, темпера на платно 126×95 см., 1972.*
*49. Сеќавање, темпера на платно 126×95 см. 1972.*

*АНГЕЛ ПЕТРОВ, сликар*

*Роден 1923. во Титов Велес. Академија за применета уметност завршил во Белград 1962 година.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1967. во Скопје; 1969. во Витов Велес, Струмица, Скопје и Штип; 1972. во Скопје и Охрид.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1968, 69, 70 и 71. на Традиционалната есенска изложба на ДЛУМ во Скопје и на изложбите „Бигорски средби" во Гостивар; 1969. на изложбата „25 години АСНОМ" во Скопје; 1970. на илојжбата „Моето сакано дело" во Скопје; 1971. на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници" во Скопје.*
*Адреса: Титов Велес, ул. В. Назор бр. 5*

*50. Нимфи, масло на платно, 1971.*
*51. За невестување, масло на платно, 1971.*

## *БОРИС ПЕТРОВ, сликар*

*Роден 1935. во Гевгелија. Училиште за применета уметност и Педагошка академија (сликарски отсек) завршил во Скопје.*

*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:*
*1958. во Крушевац; 1959. во Гевгелија; 1961. во Скопје и Струмица; 1964. во Струмица; 1965. во Скопје; 1967. во Кавадарци.*

*ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*
